Потклек

Љупчо Петрески

Изданието е објавено со поддршка од:



Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам

БИБЛИОТЕКА – **Наше маало**

Главен уредник
Филип Димевски

© Љупчо Петрески, 2025
© Бегемот, 2025

Лектура
Ирена Ралева

Компјутерска обработка
Бегемот

Графичко уредување
Наталија Лукомска

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Потклек

Љупчо Петрески



Скопје, 2025

„Знам што е стравот. Стравот не е она што
се изгубило. Она што се изгубило веќе е на sид.
Она што се изгубило веќе е зад затворени
врати. Стравот е за она што треба да се изгуби“.
Сини ноќи, Џоан Дидион

1.

Постојат два вида среќа – среќата што ја имаме и среќата што ја заслужуваме. Додека чекаме да го земеме мртвото тело на татко ми од болница, јас и мајка ми седиме на двата спротивни сида во болницата. Секоја седната на својот дел од дрвената клупа. Секоја дишејќи ја сопствената несреќа. Секоја од нас надевајќи се дека еден ден таа среќа што ја заслужуваме како жители на оваа планета, рамноправно со сите, ќе успееме да ја добиеме, некогаш.

Постои таа среќа, знам, но сега лебди над нас, во меѓупросторот на двете наши тела, кои нималку не се различни од мртвото тело на татко ми во капелата, кое чека некој да го подигне и да го однесе на гробиштата. Соочувањето со уште една смрт во нашето семејство беше погубно за мајка ми. Соочувањето, пак, со губењето на човекот што некогаш значеше темел на нашето семејство, сега значи измачување за нас двете меѓусебно. Растргнати меѓу нашата потреба за

среќа, ќе продолжиме страсно да ја голтаме несреќата.

Мајка ми, како и обично, ќе се обиде да покаже дека успеала да се справи со ненадејната смрт на татко ми. Јас ќе се обидам полека да излезам од сенката на мојата веќе мртва сестра. И двете ќе се обидеме да не бидеме жртви на нашата незаслужена несреќа. Сè она што моментално делиме е исто, но некако го гледаме поинаку, од различни агли. Јас, на пример, моментно ја гледам дамката на ѕидот за која не ни знам како завршила тука, додека мајка ми гледа само бледорозов ѕид, токму ист онаков како што го гледам јас на спротивната страна, само без дамката на ѕидот. Нејзиниот поглед смирен, телото подеднакво омлитавено како и кожата под брадата, го чека трупот да биде предаден. Трупот на некој што за неа значел опстанок на овој свет, на ист начин како што ѕидот ѝ е важен на дамката што само јас ја гледам, да опстои.

Чувствувам како дамката успева полека да ме проголта и успевам да влезам во нејзиното тело, ползејќи и истражувајќи го како малечок хомункулус, обидувајќи се да ја откријам мистеријата за нејзиното постоење, токму триесетина сантиметри над главата десно од мојата мајка, која сè уште не е свесна за постоењето на еден сосема нов малечок свет полн со тајни над нејзината глава. Свет што може да го забележи само некој што заслужил да го види. Тогаш забележува дека само телото ми е тука и дека гледам во

нешто над неа, па погледнува над својата глава, и не успевајќи да ја забележи дамката, ми вели:

– Време е да одиме.

Постојат два вида среќа – среќата што ја имаме и среќата што ја заслужуваме.

2.

Бидејќи не сум во состојба да спијам или да читам, веќе подолго време како и оваа вечер, стојам покрај прозорецот и го гледам дрвото чии гранки се разнишале на ветрецот, а новите листови шушкаат и создаваат некоја хармонија од пријатни звуци и мртва тишина. Додека е зима, тие кршливи гранки успеваат да ја преживеат зимата во најсурови услови и повторно, вака, кога сонцето допира до сокот на дрвото и ја раззеленува неговата утроба, се прашувам: „Што сум ти згрешила, Боже, толку?“ Свежо раззеленетите лисја на дрвото се потсмируваат исто како што се потсмирува ветрето, а јас сè уште не го добивам одговорот за мојата грешка, неправда или што и да е, која како некој товар ја носам во себе веќе подолго време.

Кога морам да легнам, што од истоштеност што од причина дека чувствувам како телото не ми функционира веќе, па морам да затворам очи, тогаш сфаќам дека навистина толку многу

сум му згрешила на Севишниот. Со секое мое затворање на очите ја чувствувам непријатноста во моето тело. Таа како да извира од некој мој дел, од петиците, можеби, а потоа пулсира по целото тело омлитавувајќи го, изнемоштувајќи го и оставајќи го така легнато да страда во непознатата болка – што не ја препознавам, но знам дека се крие тука некаде, во моето тело. Во ова мое тело врз кое веќе подолго време немам контрола. Токму за таквото тело е навистина тешко да најдеш траен сопственик. Понекогаш помислувам дали сета оваа агонија што ја преживувам вреди да се продолжи. Се привикнувам на сета болка, измачување и страв, се тешам дека кога ќе се разбудам ќе биде поинаку, па ќе успеам да ја имам целосната контрола врз сопството.

Токму тогаш, во моментите кога сакам да го повратам, чувствувам дека срцето бие посилно одошто би требало. Претпоставувам дека можеби и сопругот што спие до мене ќе го слушне, ќе го разбуди од сон и ќе сфати дека тресењето на креветот доаѓа од силината на биењето на моето срце. Стискам, се грчам и се обидувам силното биење што ме поткрева, да остане во мојот дел од креветот. И од сиот тој страв замислувам како некој да ми заринкува два прста во грлото. Ме стиска и ме души. Успевам да земам воздух. Си велам себеси: „Смири се! Смири се, де! Тоа е тој страв, почнува да владее со тебе, не мисли веќе на тоа“.

Тогаш стисокот малку попушта, но сè уште е тука, како некој непознат паразит да се закачил

цврсто за моето грло, пресушувајќи го, и притиска та притиска.

Немам мир.

Така правам секогаш – најпрво се обидувам да се смирам, а потоа и да заспијам. Го чувствувам тука во грлото, како нешто нараснато, набрекнато, нешто туѓо, иако не успевам целосно да се ослободам и покрај тоа што се трудам да не мислам на него, со време сфатив дека е тоа единствениот лек – да се обидувам да не мислам на тоа (барем накратко).

Единствено за што сум свесна во тие моменти е дека одбегнувам да се превртувам во креветот бидејќи можам да го разбудам маж ми. Тој е на работа рано наутро и се лути кога нешто или некој ќе го разбуди. Лежам како закотвена во својот немир и се обидувам да заспијам, ако не за друго, барем додека спијам, да не ги чувствувам овие измачувања проследени со силни биења на срцето и можноста да ја почувствуваш крвта како пулсира во секој дел од твоето тело.

Обидот на успокојување што во последно време ми успева почнува на овој начин – прво на што помислувам е вештачкиот мирис на лимон од прашокот за перење алишта што го користиме во хотелот. Не ми беше пријатен, но по толку време, некогаш помислата на него ме успокојува. Тогаш ќе почнам со пресметките – колку постелнина, чаршафи, облека се испрала денес. Иван – човекот што е во хотелот уште пред јас да дојдам, потрошил толку и толку прашок за тол-

ку и толку алишта – знае понекогаш да ми каже дека се претерува со моите детални пресметки и дека моите пресметки не секогаш се совпаѓаат сразмерно со купот алишта за перење и потрошениот прашок. Но знам дека моите пресметки се сосема точни, само што не се совпаѓаат со потребите на неговата сопруга од бесплатен прашок за перење што Иван го носи дома.

Дали и на гостите што престојувале во хотелот вештачкиот мирис на лимон им е пријатен? Сигурно дека не им е, па тие не се привикнале на него и неговата вештачка свежина. Доколку останат подолго во нашиот хотел, сигурна сум дека и тие ќе се привикнат и ќе уживаат, па и ќе ги смирува понекогаш, како мене. Дури потоа помислувам на следниот ден, на возбудата од него и на сè она што ќе следи по утрото. Можеби ќе заборавам на стравот и непознатите болки по моето тело, којзнае, и срцето нема толку силно да бие.

Како и обично, секогаш си велам ќе биде подобро утре, ете тоа вистински ме смирува. Утре, сигурно ќе биде подобро. Колку да можам само да задремам. Токму во тој момент кога ме обзема сонот, полека чувствувам како го губам здивот, тонам, не знам дали умирам или заспивам. Забревтувам, ја кревам главата и се обидувам да земам воздух. Во себе вриштам – „Умирам! Умирам!“, и тогаш кога градите ќе се наполнат со воздух, целосно стегајќи ја цврсто перницата да не испуштам крик што ќе го вознемири маж

ми, ја спуштам главата смирено врз перницата и сфаќам дека треба само мирно да ја ставам на перницата повторно и да заспијам. Погледнувам на страната каде што спие сопругот, а тој само ја поместува главата на перницата, која половина потонала во нејзината мекост, и продолжува да спие, а јас сум покрај него. Ја чувствувам и јас мекоста на перницата, но и нејзината стерилност, која не ме потсетува на вештачкиот мирис на лимон, но барем дишам и ги затворам очите.

Мажот ми несвесно ја става неговата нога врз мојата – потопла е и малку испотена, влегува на мојата страна од креветот. Како и за сè во животот, така и тука, на две спротивни страни, се обидуваме да воспоставиме обостран мир што го немаме ни во кревет. По некоја минута, потонувам во полусон.